РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-324/6
27-05-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-324/1 од 17.01.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето ____, Генерален Директор на Акционерското друштво ____, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-324/1 од 17.01.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 17.01.2025 година, поднесена е пријава против лицето ____, Генерален директор на Акционерското друштво ____ (понатаму: Акционерско друштво) и оформен е предмет бр. 12-324/1 од 17.01.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека лицето ____, Генерален директор на Акционерското друштво, неосновано и незаконски си го покачил нето личниот доход од 75.000 на 115.00 денари.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Акционерското друштво.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Акционерското друштво со допис – Достава на податоци и информации бр. 05-786/2 од 04.03.2025 година, образложи дека на ден 08.02.2024 година, Генералнот секретаријат на Владата на РСМ до нив доставил нови теркови на менаџерски договори и табели за пресметка на плата согласно Известување бр. 41-3507/1 од 08.02.2024 година, согласно кое сите менаџерски договори на именувани и назначени лица ќе бидат унифицирани. Акционерското друштво било задолжено да ги прифати и да постапи по нивните инструкции, и согласно истите сегашниот Генерален директор има склучен менаџерски договор и анекс кон договорот помеѓу него и Претседателот на Одборот на директори како орган на управување со Друштвото.

Акционерското друштво образложи дека со менаџерскиот договор биле определени правата и обврските на лицето ____како извршен член на Одборот на директори – Генерален директор, како и обврската да се склучи анекс кон договорот каде ќе се наведе и износот на договорената плата, по претходно спроведени пресметки во табели дадени од страна на службите во владата. Во пресметаните износи биле земени во предвид износите дадени и потврдени од страна на овластениот ревизор претходно одобрен исто така од Влада на РСМ, како што им било наложено од страна на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ. Ревидираните финансиски извештаи се од јавен карактер и секоја година се приложуваат и одобруваат од Владата и во својство на Собрание на Друштвото, како и се објавуваат на Македонска берза и на официјалната веб-страна на Акционерското друштво.

Претходно, платата била пресметувана со интерен менаџерски договор од Акционерското друштво каде износот на бруто платата бил даден во самиот договор со точно пресметан износ, неменлив зависно од разултатот на работењето на друштвото, што не било случај со новиот терк на пресметка каде платата на Генералниот директор е директно врзана со работењето и финансискиот резултат на крајот од годината.

Акционерското друштво напоменува и дека во табелите за пресметка на плата, можеле да се стават само износи од финансиските извештаи, а во пресметките

не можело да се влијае бидејќи истите се заклучени и така се добиени од службите на Генерален секретаријат на Владата на РСМ.

*Според член 350 Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/2020, 215/2021, 99/2022 и 272/2024), (понатаму: ЗТД), правата и обврските на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот, покрај правата и обврските определени со овој закон, можат да бидат определени со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директорите, член на управниот одбор, односно управителот.* ***Од името на друштвото, договорот со извршен член на одборот на директори го склучуваат неизвршните членови на одборот на директори, а го потпишува претседателот на одборот на директори,*** *а договорот меѓу член на управниот одбор или управителот и друштвото го склучува надзорниот одбор, а го потпишува претседателот на надзорниот одбор.*
*Според член 18 став 5 од Статутот на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост (понатаму: Статут), од избраните членови Одборот на директори назначува извршен член на Одборот на директори, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Одборот на директори.*
*Според став 6 од истиот член, извршниот член на Одборот на директори го носи називот Генерален Директор.*
*Според член 21 став 1 од Статутот, правата и обврските на извршниот член на Одборот на директори, покрај правата и обврските определени со закон, може да се определат со Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и извршниот член на Одборот на директори (Менаџерски договор).*
*Според став 2 од истиот член,* ***договорот од став 1 од овој член со извршниот член, од името на Друштвото го склучуваат неизвршните членови на Одборот на директори, а го потпишува претседателот на Одборот на директори по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, во својство на собрание на друштвото.***
*Според член 23 став 1 алинеја 13 од Статутот, Одборот на директори во рамките на својата надлежност, ги врши следните работи: одлучува за назначување на*

*лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото).*

Видно од увидот на веб-страната на Владата на РСМ, на 222-та седница, одржана на 22.01.2024 година, како една од точките на дневен ред била донесување на Информација во врска со утврдување на содржината на менаџерските договори и методологија за определување на висината на платите на членовите на управни и надзорни одбори на акционерските друштва, јавните претпријатија и другите трговски друштва и институции во сопственост на Република Северна Македонија.

Видно од Известувањето арх. бр. 41-350/ 7 од 08.02.2024 година, изготвено од Генералниот секретаријат при Владата на РСМ, до 1-ви Мај 2024 година ќе се пресметувало и исплаќало плата утврдена со постоечките договори, додека од 1-ви Мај 2024 година се склучувало Анекс кон договорот во кој ќе биде наведен новиот износ на основната плата (каде тоа е применливо). Во продолжение на известувањето се дадени насоки за внесување на финансиски извештаи, чиешто непочитување би довело годишните извештаи за работењето да бидат нецелосни и неприфатени од страна на надзорниот орган на институцијата или од страна на Владата.

Видно од Анексот кон договорот за уредување на односите помеѓу друштвото и извршен член на одборот на директори бр. ____од ____година, склучен помеѓу Претседателот на Одборот на директори на Акционерското друштво и лицето ____извршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво – Генерален директор, била изменета точка 5.2 од Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и Извршниот член на Одборот на директори бр. ____ од ____година и истата ќе гласи: "Основната месечна плата на Извршниот член на Одборот на директори за првата година по потпишувањето на овој договор, се одредува согласно пресметката во Прилог 1, но без износот за бонуси (варијабилен дел) и истата ќе изнесува 107.984,60 денари".

Имајќи ја во предвид предметната документација доставена на увид од страна на Акционерското друштво, како и соодветната правна регулатива, наводите на

подносителот на пријавата дека пријавеното лице самото си ја покачило платата и дека истата во моментот на поднесувањето на пријавата изнесувала 115.000 денари се неосновани.

ДКСК констатира дека платата на лицето ____, Генерален директор на Акционерското друштво ____, е утврдена согласно анекс кон договорот за уредување на односите помеѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, склучен врз основа на член 350 од ЗТД, односно член 21 од Статутот, согласно кој договорот со извршниот член, од името на Друштвото го склучуваат неизвршните членови на Одборот на директори, а го потпишува претседателот на Одборот на директори по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, во својство на собрание на друштвото. Дополнително, износот на платата на пријавеното лице е утврдена по претходно спроведени пресметки во табели доставени од службите на Владата до Акционерското друштво, а како последица на обврската дадена од Генералниот секретаријат на Владата на РСМ да се склучи анекс кон договорот каде ќе се наведе и износот на платата.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**